Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# УСЛОВИ
# ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ
# НА ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА
# МОЈОТ ДОМ

Април 2019 година

Одделни изрази употребени во овие Услови ги имаат следниве значења:

**Осигурувач** – Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
**Осигуреник** - сопственик на осигурениот имот
**Осигурен случај** - ненадеен и неочекуван настан предизвикан од осигурени ризици што резултира, за време на важноста на полисата, со оштетување или уништување на осигурениот имот или телесна повреда на трето лице.
**Станбен објект** - индивидуална станбена куќа или стан, сопственост на осигуреникот, вклучувајќи ги и градежните објекти што се припоени до куќата или станот.
**Останати градежни објекти** - градежни објекти што се физички одвоени од осигурениот станбен објект и не служат за живеење, а се сопственост на осигуреникот.
**Ненаселен станбен објект** - станбен објект што непрекинато е ненаселен подолго од 60 дена.
**Градежен објект од масивна градба** - градежен објект чиишто надворешни зидови се изградени од камен, печена тула, тешки бетонски блокови, со костур од армиран бетон или челик обложен со огнотпорен материјал, а кровниот покрив е изведен од ќерамиди, етернит, салонит, лим, армиран бетон со изолација.
**Денарска противвредност на Евро** - оваа противвредност се смета според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот означен во полисата како почеток на осигурителната година, а за пресметување на надомест на штета според средниот курс на Народна Банка на денот на штетата.
**Франшиза** - износ наведен во полисата што се одбива од секоја штета којашто произлегува од еден штетен настан во таа секција од полисата (учество во штета од страна на осигуреникот ).
**Тотална штета** - штета на имот при којашто имотот е целосно уништен или пак неговата поправка изнесува повеќе од неговата вредност.

## ХАЛК - СТАНДАРД ПАКЕТ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Со осигурувањето по оваа полиса се дава осигурително покритие на :

1. станбен објект
2. останати градежни објекти
3. подвижен имот
4. дополнителни трошоци

Со осигурувањето може да се договори посебно покритие за осигурување на:

- Стакло од кршење
- Трошоци за нужно сместување
- Одговорност кон трети лица и
- Дополнителни ризици кои се наведени во условите

**1. СТАНБЕН ОБЈЕКТ** - објект што се наоѓа на местото на осигурување наведено во полисата, вклучувајќи ги и градежните објекти што се придружени кон него. Вградената електрична, водоводна, вентилациона, канализациона и инсталација за централно греење на станбениот објект се негова сопственост .

**2. ОСТАНАТИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** - објекти што се наоѓаат на местото на осигурување, физички одвоени од станбениот објект. Електричната, водоводната, вентилационата, канализационата и инсталацијата за централно греење на градежниот објект се негова сопственост.

Со осигурувањето не се покриени:

1. земјишта, па ниту тоа на кое е изграден станбениот објект
2. станбени објекти што се користат во деловни цели
3. градежни објекти што во целост или делумно ги користи осигуреникот во деловни цели
4. градежни објекти издадени на лица кои не се потстанари во станбениот објект, освен ако се користат како гаражи за коли
5. објекти чиј покрив е направен од слама, трска, кал или дрво

**3. ПОДВИЖЕН ИМОТ**
Со ова осигурување е опфатен подвижниот имот на осигуреникот, како и на лицата што живеат со него во исто домаќинство на местото на осигурување, освен ако не е поинаку договорено.
Ограничувања:

Обврската на осигурувачот за одреден дел од имотот при настанување штета е лимитирана со подолу искажаните ограничувања. Со ова осигурување не се покриваат износите над подолу искажаните ограничувања.
Со наведените ограничувања не се зголемува вкупната сума на осигурување на подвижниот имот. Наведените ограничувања на секој од подолу наведените категории се однесуваат на целиот осигуран имот што го поседува осигуреникот по секоја од категориите.
Според наведените ограничувања осигурувачот е во обврска да му ја надомести на осигуреникот штетата во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на штетата:

1. **до 200 Евра** за ризикот провална кражба и разбојништво на пари и други скапоцености во заклучени сефови.
2. **до 3%** од вредноста на градежниот објект за штети од ризикот провална кражба и разбојништво причинети на градежниот објект.
3. **до 300 Евра** по поединечен предмет за уметнички слики и скулптури, ако не е поинаку договорено.
4. **до 500 Евра** по поединечен предмет од следнава опрема: телевизор, аудио и видео опрема, алармен уред, ако не е поинаку договорено.
5. **до 2000 Евра** за штети настанати од ризикот провална кражба и разбојништво, ако не е поинаку договорено.
6. **до 2%** од вредноста на градежниот објект, но не повеќе **од 500 Евра**, за предмети
7. што се наоѓаат во физички издвоени објекти од станбениот објект кој се осигурува, ако не е поинаку договорено.
8. **до 750 Евра** за трошоци за нужно сместување (изнајмување стан или трошоци за преселба), ако не е поинаку договорено.

Со ова осигурување не се опфатени:
1. штети настанати од ризици кои не се наведени на полиса
2. имот што се користи во деловни цели.
3. имот што се издава надвор од местото на осигурување.
4. имот што посебно се наведува во полисата како неосигурен.
5. штети на осигурениот имот настанати надвор од местото на осигурување наведено во полисата.
6. штети настанати на заеднички имот, доколку осигурениот станбен објект се наоѓа во зграда со повеќе станбени објекти.
7. штети настанати при извршување адаптации, реновирања, реконструкции, доградби или надградби на станбениот објект. Во овој случај осигуреникот има обврска да го извести осигурувачот во писмена форма пред започнувањето на изведбата на горенаведените работи. Осигурувачот го задржува правото да го извести осигуреникот дали оваа полиса важи во периодот на изведба на работите.
8. моторни возила и самоодни машини и сите нивни делови и имот чија основна намена е да се употребува во или со нив, освен колички за хендикепирани лица, а за кои не е потребна регистрација.
9. приколки и полуприколки.
10. секаков вид пловни објекти.
11. оружје, муниција и други експлозивни средства и направи.
12. необработени скапоцени или полускапоцени камења.
13. сите видови животни.
14. компјутер и компјутерска опрема, ако не е поинаку договорено.
15. компакт дискови, ДВД, аудио и видео касети.

## 4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ

1. Со оваа полиса за осигурување покриени се трошоците :

   1) за расчистување на оштетениот или уништениот осигурен имот што евентуално би ги имал осигуреникот при настанување осигурен случај. Во овие трошоци се вклучени и трошоците за пренесување на оштетениот или уништениот осигурен имот до најблиското место за нивно отпремување. Вкупниот износ на трошоците за расчистување е ограничен до 3% од понискиот износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.

   2) што евентуално би ги направил осигуреникот при настанување осигурен случај, а за преземени мерки за намалување или отстранување на штетата. Овие трошоци се надоместуваат дури и тогаш кога овие мерки не биле успешни. Вкупниот износ на овие трошоци е ограничен до 3% од понискиот износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.
2. Вкупниот надомест за трошоците од став 1 од ова покритие , заедно со пресметаната отштета, не може да го надмине понискиот износ од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на

осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно. За надомест на трошоците од став 1 важи клаузулата за подосигурување.

3. Со оваа полиса не се покриени евентуалните трошоци настанати поради интервенции на организации чија должност е да даваат помош бесплатно.

**5. ПОСЕБНО ПОКРИТИЕ ЗА СТАКЛО ОД КРШЕЊЕ**

Со ова покритие се надоместуваат трошоците за замена на прозорски стакла и стакла на врати во станбениот објект, за настанати штети од која било причина, освен од намерна штета од страна на осигуреникот или од друг член на неговото семејство или лице кое живее во осигурениот станбен објект.

Осигурувачот ќе ги надомести и трошоците за симнување и повторно местење на предметите што пречат при поставување нови стакла (заштитни решетки, засолништа од сонце, монтирање скелиња и друго).

Ова покритие посебно се искажува во полисата.

**6. ТРОШОЦИ ЗА НУЖНО СМЕСТУВАЊЕ**

Доколку станбениот објект е оштетен од некој од осигурените ризици, така што во него не може да се живее, осигурувачот е должен:

1. да му ги надомести на осигуреникот трошоците за изнајмување наместен станбен објект сé додека осигурениот имот не се оспособи за нормално живеење според цените на изнајмување во околината на местото на осигурување, но најмногу до сумата на осигурување, искажано во полисата за ова покритие. Изнајмениот станбен објект треба да биде со слична големина на оштетениот објект.
2. доколку осигуреникот реши трајно да се исели од местото на осигурување, да ги надомести трошоците за преселба на имотот на осигуреникот и тоа најмногу до сумата на осигурување искажана во полисата за ова покритие.

## ОСИГУРАНИ РИЗИЦИ

**1. ПОЖАР**

Под пожар се смета оган појавен надвор од определено огниште или оган што го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.

Штетите настанати без развивање пламен (чад, прегрејување, осмаденост и слично), не се предмет на осигурувањето.

**2. ГРОМ**

Со осигурувањето не се опфатени штети на електрични апарати настанати со пренесување електрична енергија преку водови како последица од удар на гром.

**3. ЕКСПЛОЗИЈА**

Под експлозија се смета ненадејно појавување сила заснована врз тежнеење на пареа или гасови за проширување.

Штетите настанати од експлозија, намерна или не, настанати како последица од било какво експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција) не се предмет на осигурувањето.

**4. ЛУЊА И ГРАД**

Под луња се смета ветер со брзина поголема од 62 км. на час .

Се смета дека дека дувал ветер со оваа брзина доколку ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро одржувани објекти.

Во случај на сомневање, осигуреникот треба да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Управата за Хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

Овој ризик не ги вклучува штетите на имотот што се наоѓа внатре во градежниот објект, а кои се настанати од дожд, снег, песок или прашина, освен ако директната силина на ветерот или градот претходно не направил отвори на градежниот објект и потоа дождот, снегот, песокот или прашината навлегле низ тие отвори.

Овој ризик не ги вклучува и штетите настанати на имот што не се наоѓа во затворени градежни објекти.

Со осигурувањето од ризикот град опфатени се штети од уништување, односно оштетување на осигурениот имот што се предизвикани од удар на град.

**5. МАНИФЕСТАЦИИ И ДЕМОНСТРАЦИИ**

Се смета дека настанал осигурен случај ако осигурениот имот е уништен (рушење, демолирање, палење и др) на кој било начин на дејствување на учесниците во граѓански безредија, синдикални и политички собирања.

**6. ЛЕТАЛА**

Со осигурувањето се покриени штети настанати при паѓање на леталата, или делови од нив, на осигурениот имот. Осигурувањето ги покрива и штетите настанати од предмети испаднати од леталата.

**7. ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО**

Не се смета дека настанал ризикот провална кражба во случај:

1. на снемување или исчезнување на осигураниот имот.
2. на извршување на провалната кражба или соучество во неа од осигуреникот или од страна на лице кое живее со осигуреникот во исто домаќинство.
3. ако е извршена со влегување преку отворен прозор или балконска врата што се наоѓаат на висина помала од 3 метра, сметано од земјата до долниот раб на прозорецот или балконот.
4. на имот што се наоѓа надвор од затворените градежни објекти, освен од разбојништво.

Под разбојништво се смета одземање осигурен имот со примена на сила или застрашување по живот или здравје на осигуреникот, како и животот или здравјето на лицето кое живее во исто домаќинство со осигуреникот.

**8. ИЗЛЕВАЊЕ ВОДА ОД ИНСТАЛАЦИИ ВО СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ**

Под овој ризик се смета неочекувано излевање вода од инсталации поради прскање и кршење на инсталациите и нивните уреди.

Со овој ризик не се покриени штети настанати:

1. на инсталации од коишто водата се излеала
2. од излевање вода од отворени славини
3. од габички поради влага
4. од слегнување на земјиште како последица на излевање вода од инсталациите во станбените објекти
5. од оштетување при манипулација врз инсталациите, замена на вентил, одзатнување и слично
6. поради мраз, освен ако се преземени мерки за заштита од мраз:
    6.1 затоплување на станбениот објект и
    6.2 затворање на доводот на водата и нејзино испуштање од системот

**ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ**

Со плаќање дополнитена премија за секој ризик поединечно, со осигурувањето можат да бидат покриени и следниве ризици:

**1. ПОПЛАВА, ПОРОИ И ВИСОКИ ВОДИ**

Под овој ризик се смета стихијно и неочекувано плавење на теренот од постојани води (реки и езера), како и од водена маса што се образува на надолни терени поради силни атмосферски врнежи.

Со осигурувањето се покриени само штети што се предизвикани за времетраење на поплавата, или непосредно по повлекувањето на водата.

Со осигурувањето не се покриени штети настанати од:

1) габички поради влага
2) излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница (атмосферска канализација)
3) поплавување со вода надојдена од септички јами

**2. СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**

Под овој ризик се смета природна појава на ненадејно вертикално движење на земјиштето на кое е изграден објектот.

Со осигурувањето не се покриени:

1) трошоци за пополнување слегнато земјиште
2) штети настанати поради грешка во пресметка или дизајн
3) штети настанати како последица на излевање течности од инсталации и цистерни
4) штети настанати од слегнување на земјиште поради дупки направени од човек
5) штети настанати од земјотрес
6) штети настанати од поплава, порој и високи води

**3. СНЕЖНА ЛАВИНА**

Под снежна лавина се смета снежна маса во движење што се откинала од планинските страни.

Со осигурувањето се покриени штети настанати од дејство на воздушниот притисок на снежната лавина.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ИМОТ

1. Вредноста на осигурениот имот за станбени и други градежни објекти е еднаква со градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа, намалена за износот на пресметаната амортизација.
2. Вредноста на осигурениот имот за подвижниот имот е еднаква со цената на ист таков нов имот, намален за износот на амортизација.

Сумата на осигурување за сите предмети на осигурување ја одредуваат заедно осигуреникот и осигурувачот и таа неможе да биде помала од вредноста на осигурениот имот.

Во случај да не може да се обезбеди доказ за пресметаната амортизација на имотот, односно осигуреникиот нема доказ за староста на подвижниот имот, ќе се смета дека вредноста на осигурениот имот е најмногу до 50% од цената на ист таков нов имот.

## НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

Кога ќе настане осигуран случај, осигурувачот е должен да го надомести :

1. Кај станбени и други градежни објекти најмалиот износ од следниве:
    - 1.1. вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништениот имот, намален за износот на пресметаната амортизација.
    - 1.2. сумата на осигурување на оштетениот осигуран имот.
    - 1.3. вредноста на осигурениот имот.
2. Кај подвижен имот најмалиот износ од следниве:
    - 2.1. вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништениот имот, намален за износот на пресметаната амортизација.
    - 2.2. сумата на осигурување на оштетениот осигуран имот.
    - 2.3. вредноста на осигурениот имот.

## ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Кога ќе се утврди дека во периодот на осигурување вредноста на осигурениот имот била поголема од сумата на осигурување, износот на надоместот на штета се намалува сразмерно на односот на сумата на осигурување со вредноста на осигурениот имот.

## ПОПУСТИ

Во случај кога осигуреникот нема наплатено ниту една штета во текот на осигурителната година, за следниот период на осигурување добива **попуст од 5%.**

Овој попуст може да се повтори и во наредните години, така што износот на **попустот се зголемува за 5%** за секоја година во која не е наплатена штета, но **најмногу до 25%.**

Во случај осигуреникот да наплати штета во текот на осигурителната година, го губи целиот попуст во наредната осигурителна година.

## ХАЛК - ПРОТЕКТ ПАКЕТ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВААЊЕ

Со осигурување по оваа полиса се дава осигурително покритие на :

1. станбен објект
2. останати градежни објекти
3. подвижен имот
4. дополнителни трошоци

Со осигурувањето може да се договори посебно покритие за осигурување на:

- стакло од кршење
- трошоци за нужно сместување
- одговорност кон трети лица и
- дополнителни ризици кои се наведени во условите

1. **СТАНБЕН ОБЈЕКТ**- објект што се наоѓа на местото на осигурување наведено во полисата, вклучувајќи ги и градежните објекти што се придружени кон него. Вградената електрична, водоводна, вентилациона, канализациона и инсталацијата за централно греење на станбениот објект се негова сопственост.

2. **ОСТАНАТИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** - објекти што се наоѓаат на местото на осигурување, физички одвоени од станбениот објект. Електричната, водоводната, вентилационата, канализационата и инсталацијата за централно греење на градежниот објект се негова сопственост.

   Со осигурувањето не се покриени:
   1. земјишта, па ниту тоа на кое е изграден станбениот објект.
   2. станбени објекти што се користат во деловни цели
   3. градежни објекти што во целост или делумно ги користи осигуреникот во деловни цели.
   4. градежни објекти издадени на лица кои не се потстанари на станбениот објект, освен ако се користат како гаражи за коли.
   5. објекти чиј покрив е направен од слама, трска, кал или дрво.

3. **ПОДВИЖЕН ИМОТ**

Со ова осигурување е опфатен подвижниот имот на осигуреникот, како и на лицата што живеат со него во исто домаќинство на местото на осигурување, освен ако не е поинаку договорено.

**Ограничувања:**

Обврската на осигурувачот за одреден дел од имотот при настанување штета, е лимитирана со подолу искажаните ограничувања.

Со ова осигурување не се покриваат износите над подолу искажаните ограничувања .

Со наведените ограничувања не се зголемува вкупната сума на осигурување на подвижниот имот. Наведените ограничувања на секој од подолу наведените категории се однесуваат на целиот осигуран имот што го поседува осигуреникот по секоја од категориите.

Според наведените ограничувања осигурувачот е во обврска да му ја надомести на осигуреникот штетата во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на штетата:

1. **до 4000 Евра** за штети настанати од ризикот провална кражба и разбојништво.
2. **до 3 %** од од вредноста на градежниот објект за штети од ризикот провална кражба и разбојништво причинети на градежниот објект.
3. **до 300 Евра** за провална кражба и разбојништво на пари и други скапоцености во заклучени сефови.
4. **до 250 Евра** за провална кражба и разбојништво на накит, часовници и други скапоцености во заклучени сефови.
5. **до 500 Евра** по поединечен предмет за уметнички слики и скулптури, ако поинаку не е договорено.
6. **до 700 Евра** по поединечен предмет од следнава опрема: телевизор, аудио и видео опрема, алармен уред, доколку не е поинаку договорено.
7. **до 300 Евра** за оружје со уредна дозвола.
8. **до 300 Евра** за делот од обврските за кои осигуреникот сноси законска одговорност за штети настанати на зеднички имот, доколку осигурениот станбен објект се наоѓа во зграда со повеќе станбени објекти.
9. **до 300 Евра** за предмети кои се на друго лице , а се наоѓаат во осигурениот станбен објект.
10. **до 100 Евра** за промена на брава при осигуран штетен настан.
11. **до 3%** од вредноста на градежниот објект за ствари кои се наоѓаат во физички издвоени од станбениот објект , но не повеќе **од 500 Евра**.
12. **до 1200 Евра** за трошоци за нужно сместување (изнајмување стан или трошоци за преселба).

Со ова осигурување не се опфатени:

1. штети од ризици кои не се наведени во полиса
2. имот што се користи во деловни цели.
3. имот што се издава надвор од местото на осигурување.
4. имот што посебно се наведува во полисата како неосигуран.
5. штети на осигурениот имот настанати надвор од местото на осигурување наведено во полисата.
6. штети настанати при извршување адаптации, реновирања, реконструкции, доградби или надградби на станбениот објект. Во овој случај осигуреникот има обврска да го извести осигурувачот во писмена форма пред започнувањето на изведбата на горенаведените работи. Осигурувачот го задржува правото да го извести осигуреникот дали оваа полиса важи во периодот на изведба на работите.
7. моторни возила и самоодни машини и сите нивни делови и имот чија основна намена е да се употребува во или со нив, освен колички за хендикепирани лица, а за кои не е потребна регистрација.
8. приколки и полуприколки.
9. секаков вид пловни објекти.
10. необработени скапоцени или полускапоцени камења.
11. сите видови животни.
12. компјутери и компјутерска опрема, ако не е поинаку договорено.

13. компакт дискови, ДВД, аудио и видео касети.

## 4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ

1. Со оваа полиса за осигурување покриени се трошоците :

   1) за расчистување на оштетениот или уништениот осигурен имот што евентуално сигуреникот би ги имал при настанување осигуран случај. Во овие трошоци спаѓаат и трошоците за пренесување на оштетениот или уништениот осигуран имот до најблиското место за нивно отпремување. Вкупниот износ на трошоците за расчистување е ограничен до 3% од пониското износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.

   2) Со оваа полиса за осигурување покриени се и трошоците што евентуално осигуреникот би ги направил при настанување осигурен случај, а за преземени мерки за намалување или отстранување на штетата.Овие трошоци се надоместуваат дури и тогаш кога овие мерки не биле успешни. Вкупниот износ на овие трошоци е ограничен до 3% од пониското износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.

2. Вкупниот надомест за трошоците од став 1 на ова покритие , заедно со пресметаната оштета, не може да го надмине пониското износ од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно. За надомест на трошоците од став 1 важи калузулата за подосигурување.

3. Со оваа полиса не се покриени евентуалните трошоци настанати поради интервенции на организации чија должност е да даваат помош бесплатно.

## 5. ПОСЕБНО ПОКРИТИЕ ЗА СТАКЛО ОД КРШЕЊЕ

Со ова покритие се надоместуваат трошоците за замена на прозорски стакла и стакла на врати во станбениот објект, за настанати штети од која било причина, освен од намерна штета од страна на осигуреникот или од друг член на неговото семејство или лице кое живее во осигурениот станбен објект.Осигурувачот ќе ги надомести и трошоците за симнување и повторно местење на предметите што пречат при поставување нови стакла (заштитни решетки, засолништа од сонце, монтирање скелиња и др.).Ова покритие посебно се искажува во полисата.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА НУЖНО СМЕСТУВАЊЕ

Доколку станбениот објект е оштетен од некој од осигурените ризици, така што во него не може да се живее, осигурувачот е должен:

1. да му ги надомести на осигуреникот трошоците за изнајмување наместен станбен објект сѐ додека осигурениот имот не се оспособи за нормално живеење според цените на изнајмување во околината на местото на осигурување, но најмногу до сумата на осигурување, искажано во полисата за ова покритие. Изнајмениот станбен објект треба да биде со слична големина на оштетениот објект.
2. доколку осигуреникот реши трајно да се исели од местото на осигурување, да ги надомести трошоците за преселба на имотот на осигуреникот и тоа најмногу до сумата на осигурување искажана во полисата за ова покритие.

## ОСИГУРАНИ РИЗИЦИ

### 1. ПОЖАР

Под пожар се смета оган појавен надвор од определено огниште, или оган што го напуштил ова место, и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.

Штетите настанати без развивање пламен (чад, прегрејување, осмаденост и слично), не се предмет на осигурувањето.

### 2. ГРОМ

Со осигурувањето не се опфатени штети на електрични апарати настанати со пренесување електрична енергија преку водови како последица од удар на гром.

### 3. ЕКСПЛОЗИЈА

Под експлозија се смета ненадејно појавување сила заснована врз тежнеење на пареа или гасови за проширување.

Штетите настанати од експлозија, намерна или не, настанати како последица од било какво експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција) не се предмет на осигурувањето.

### 4. ЛУЊА И ГРАД

Под луња се смета ветер со брзина поголема **од 62 км. на час**.

Се смета дека дека дувал ветер со оваа брзина доколку ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро одржувани објекти.

Во случај на сомневање, осигуреникот треба да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Управата за Хидрометеоролошки работи на Република Македонија.
Овој ризик не ги вклучува штетите на имотот што се наоѓа внатре во градежниот објект, а кои се настанати од дожд, снег, песок или прашина, освен ако директната силина на ветерот или градот претходно не направил отвори на градежниот објект и потоа дождот, снегот, песокот или прашината навлегле низ тие отвори.
Овој ризик не ги вклучува и штетите настанати на имот што не се наоѓа во затворени градежни објекти.
Со осигурувањето од ризикот град опфатени се штети од уништување, односно оштетување на осигурениот имот што се предизвикани од удар на град.

**5. МАНИФЕСТАЦИИ И ДЕМОНСТРАЦИИ**
Се смета дека настанал осигурен случај ако осигурениот имот е уништен (рушење, демолирање, палење и др) на кој било начин на дејствување на учесниците во граѓански безредија, синдикални и политички собирања.

**6. ЛЕТАЛА**
Со осигурувањето се покриени штети настанати при паѓање на леталата, или делови од нив, на осигурениот имот. Осигурувањето ги покрива и штетите настанати од предмети испаднати од леталата.

**7. ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО**
Не се смета дека настанал ризикот провална кражба во случај:
1. на снемување или исчезнување на осигураниот имот.
2. на извршување на провалната кражба или соучество во неа од осигуреникот или од страна на лице кое живее со осигуреникот во исто домаќинство.
3. ако е извршена со влегување преку отворен прозор или балконска врата што се наоѓаат на **висина помала од 3 метра**, сметано од земјата до долниот раб на прозорецот или балконот.
4. на имот што се наоѓа надвор од затворените градежни објекти, освен од разбојништво.

Под разбојништво се смета одземање осигурен имот со примена на сила или застрашување по живот или здравје на осигуреникот, како и животот или здравјето на лицето кое живее во исто домаќинство со осигуреникот.

**8. ИЗЛЕВАЊЕ ВОДА ОД ИНСТАЛАЦИИ ВО СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ**
Под овој ризик се смета неочекувано излевање вода од инсталации поради прскање и кршење на инсталациите и нивните уреди.

Со овој ризик не се покриени штети настанати:
1. на инсталации од кои што водата се излеала.
2. од излевање вода од отворени славини.
3. од габички поради влага.
4. од слегнување наземјиште како последица на излевање вода од инсталациите во станбените објекти.
5. од оштетување при манипулација врз инсталациите, замена на вентил, одзатнување и слично.
6. поради мраз, освен ако се преземени мерки за заштита од мраз:
   6.1 затоплување на станбениот објект и
   6.2. затворање на доводот на водата и нејзино испуштање од системот.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ

Со плаќање дополнитена премија за секој ризик поединечно, со осигурувањето можат да бидат покриени и следниве ризици:

**1. ПОПЛАВА, ПОРОИ И ВИСОКИ ВОДИ**
Под овој ризик се смета стихијно и неочекувано плавење на теренот од постојани води (реки и езера), како и од водена маса која се образува на надолни терени поради силни атмосферски врнежи.
Со осигурувањето се покриени само штети што се предизвикани за времетраење на поплавата, или непосредно по повлекувањето на водата.
Со осигурувањето не се покриени штети настанати од:
1) габички поради влага.
2) излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница (атмосферска канализација).
3) поплавување со вода надојдена од септички јами.

**2. СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**
Под овој ризик се смета природна појава на ненадејно вертикално движење на земјиштето на кое е изграден објектот.

Со осигурувањето не се покриени:

1) трошоци за пополнување слегнато земијште.
2) штети настанати поради грешка во пресметка или дизајн.
3) штети настанати како последица на излевање течности од инсталации и цистерни.
4) штети настанати од слегнување на земјиште поради дупки направени од човек.
5) штети настанати од земјотрес.
6) штети настанати од поплава, порој и високи води.

**3. СНЕЖНА ЛАВИНА**

Под снежна лавина се смета снежна маса во движење што се откинала од планинските страни.
Со осигурувањето се покриени штети настанати од дејство на воздушниот притисок на снежната лавина

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ИМОТ

1. Вредноста на осигурениот имот за станбени објекти од масивна градежна категорија е еднаква со градежната цена на нов станбен објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот.
2. Вредноста на осигурениот имот за сите останати објекти и други градежни објекти е еднаква со градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот, намален за износот на пресметаната амортизација.
3. Вредноста на осигурениот подвижен имот е еднаква со цената на ист таков имот, намалена за износот на пресметаната амортизација.

Сумата на осигурување за сите предмети на осигурување ја одредуваат заедно осигуреникот и осигурувачот и таа неможе да биде помала од вредноста на осигурениот имот.
Во случај да не може да се обезбеди доказ за пресметаната амортизација на имотот, односно осигуреникиот нема доказ за староста на подвижниот имот, ќе се смета дека вредноста на осигурениот имот е **најмногу до 50%** од цената на ист таков нов имот.

## НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

Кога ќе настане осигуран случај, осигурувачот е должен да го надомести:

1. Кај станбени објекти од масивна категорија најмалиот износ од следниве:
   - вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот осигуран имот, доколку повторната изградба, поправка или замена на оштетениот имот осигуреникот не ја започне во рок од 6 месеци сметано од денот на настанување на штетата и не ја заврши во разумен рок. Во тој случај осигурувачот е должен да го надомести вистинскиот износ за повторна изградба, поправка или замена на оштетениот имот намален за пресметаната амортизација.
   - сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот.
   - вредноста на осигурениот имот.
2. Кај сите останати станбени и други градежни објекти најмалиот износ од следниве:
   - вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништен осигуран имот, намален за износ на амортизација.
   - сумата на осигурување на оштетениот осигуран имот.
   - вредноста на осигураниот имот.
3. Кај подвижниот имот најмалиот од следниве износи:
   - вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништениот имот, намален за износот на пресметаната амортизација.
   - сумата на осигурување на оштетениот осигуран имот.
   - вредноста на осигурениот имот.

## ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Кога ќе се утврди дека во периодот на осигурување вредноста на осигурениот имот била поголема од сумата на осигурување, износот на надоместот на штета се намалува сразмерно на односот на сумата на осигурување со вредноста на осигурениот имот.

## ПОПУСТИ

Во случај кога осигуреникот нема наплатено ниту една штета во текот на осигурителната година, за следниот период на осигурување добива **попуст од 5%.**

Овој попуст може да се повтори и во наредните години, така што износот на попустот **се зголемува за 5% за секоја година** во која не е наплатена штета, но **најмногу до 25%.**
Во случај осигуреникот да наплати штета во текот на осигурителната година, го губи целиот попуст во наредната осигурителна година.

## ХАЛК - ПРЕМИУМ ПАКЕТ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Со осигурувањето по оваа полиса се дава осигурително покритие на :

1. станбен објект
2. останати градежни објекти
3. подвижен имот
4. дополнителни трошоци

Со осигурувањето може да се договори посебно покритие за осигурување на:

- стакло од кршење
- трошоци за нужно сместување
- одговорност кон трети лица и
- дополнителни ризици кои се наведени во условите

1. **СТАНБЕН ОБЈЕКТ** - објект што се наоѓа на местото на осигурување наведено во полисата, вклучувајќи ги и градежните објекти што се придружени кон него. Вградената електрична, водоводна, вентилациона, канализациона и инсталација за централно греење на станбениот објект се негова сопственост .

2. **ОСТАНАТИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** - објекти што се наоѓаат на местото на осигурување физички одвоени од станбениот објект. Електричната, водоводната, вентилационата, канализационата и инсталацијата за централно греење на градежниот објект се негова сопственост.

Со осигурувањето не се покриени:

1. земјишта, па ниту тоа на кое е изграден станбениот објект.
2. градежни објекти издадени на лица кои не се потстанари на станбениот објект, освен ако се користат како гаражи за коли.
3. објекти од мешовита и слаба градба
4. објекти чиј покрив е направен од слама, трска кал или дрво.

**3. ПОДВИЖЕН ИМОТ**

Со ова осигурување е опфатен подвижниот имот на осигуреникот, како и на лицата што живеат со него во исто домаќинство на местото на осигурување, освен ако не е поинаку договорено.

**Ограничувања:**

Обврската на осигурувачот за одреден дел од имотот при настанување на штета, е лимитирана со подолу искажаните ограничувања.
Со ова осигурување не се покриваат износите над подолу искажаните ограничувања .
Со наведените ограничувања не се зголемува вкупната сума на осигурување на подвижниот имот. Наведените ограничувања на секој од подолу наведените категории се однесуваат на целиот осигуран имот што го поседува осигуреникот по секоја од категориите.
Според наведените ограничувања осигурувачот е во обврска да му ја надомести на осигуреникот штетата во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на штетата:

1. **до 8000 Евра** за штети настанати од ризикот провална кражба и разбојништво.
2. **до 3%** од вредноста на градежниот објект за штети причинети на градежниот објект при ризикот провална кражба и разбојништво.
3. **до 500 Евра** за провална кражба и разбојништво на пари и други скапоцености во заклучени сефови.
4. **до 100 Евра** провална кражба и разбојништво на пари и други скапоцености во незаклучени сефови.
5. **до 500 Евра** за провална кражба и разбојништво на накит, часовници и други скапоцености во заклучени сефови.
6. **до 100 Евра** за картички при провална кражба и разбојништво
7. **до 1000 Евра** по поединечен предмет за уметнички слики и скулптури, ако поинаку не е договорено.
8. **до 1000 Евра** по поединечен предмет од следнава опрема: телевизор, аудио и видео опрема , алармен уред, компјутер и компјутерска опрема, ако не е поинаку договорено.

9. **до 3%** од вредноста на градежниот објект за предмети што се наоѓаат во објекти физички издвоени од станбениот објект, но не повеќе **од 500 Евра**.
10. **до 2500 Евра** за трошоци за нужен смештај (изнајмување стан или трошоци за преселба и губење на заработувачка).
11. **до 500 Евра** за оружје со уредна дозвола.
12. **до 500 Евра** за делот од обврските за кои осигуреникот сноси законска одговорност за штети настанати на заеднички имот, доколку осигурениот станбен објект се наоѓа во зграда со повеќе станбени објекти.
13. **до 600 Евра** за предмети што му припаѓаат на друго лице, а се наоѓаат во осигурениот станбен објект.
14. **до 150 Евра** во случај на промена на брава при осигуран штетен настан.
15. **до 100 Евра** за трошоци за копање и замена на цевка.

Со ова осигурување не се опфатени:
1) имот што се издава надвор од местото на осигурување.
2) имот што посебно се наведува во полисата како неосигуран.
3) штети на осигурениот имот настанати надвор од местото на осигурување наведено во полисата.
4) 4) штети настанати при извршување адаптации, реновирања, реконструкции, доградби или надградби на станбениот објект. Во овој случај осигуреникот има обврска да го извести осигурувачот во писмена форма пред започнувањето на изведбата на горенаведените работи. Осигурувачот го задржува правото да го извести осигуреникот дали оваа полиса важи во периодот на изведба на работите.
5) моторни возила и самоодни машини и сите нивни делови и имот чија основна намена е да се употребува во или со нив, освен колички за хендикепирани лица, а за кои не е потребна регистрација.
6) приколки и полуприколки.
7) секаков вид пловни објекти.
8) необработени скапоцени или полускапоцени камења.
9) сите видови животни.
10) компакт дискови, ДВД, аудио и видео касети.

## 4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ

1. Со оваа полиса за осигурување покриени се трошоците:

1) за расчистување на оштетениот или уништениот осигурен имот што евентуално сигуреникот би ги имал при настанување осигуран случај. Во овие трошоци спаѓаат и трошоците за пренесување на оштетениот или уништениот осигуран имот до најблиското место за нивно отпремување. Вкупниот износ на трошоците за расчистување е ограничен до 5% од пониските износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно. За штети на дрва од ризикот тежина на мраз или снег покриени се трошоците за расчистување и пренос во висина од 150 Евра во денарска противвредност по осигурен случај.

2) Со оваа полиса за осигурување покриени се и трошоците што евентуално осигуреникот би ги направил при настанување осигурен случај, а за преземени мерки за намалување или отстранување на штетата. Овие трошоци се надоместуваат дури и тогаш кога овие мерки не биле успешни. Вкупниот износ на овие трошоци е ограничен **до 5%** од пониските износ на двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.

2. Вкупниот надомест за трошоците од став 1 од ова покритие , заедно со пресметаната оштета, не може да го надмине пониските износ од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно. За надомест на трошоците од став 1 важи клаузулата за подосигурување.

3. Со оваа полиса не се покриени евентуалните трошоци настанати заради интервенции на организации чија должност е да даваат помош бесплатно.

## 5. ПОСЕБНО ПОКРИТИЕ ЗА СТАКЛО ОД КРШЕЊЕ

Со ова покритие се надоместуваат трошоците за замена на прозорски стакла и стакла на врати во станбениот објект, за настанати штети од кој билоа причина, освен од намерна штета од страна на осигуреникот или од друг член на неговото семејство или лице кое живее во осигурениот станбен објект.

Осигурувачот ќе ги надомести и трошоците за симнување и повторно местење на предметите кои пречат при поставување нови стакла (заштитни решетки, засолништа од сонце, монтирање скелиња и друго ).

Ова покритие посебно се искажува во полисата.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА НУЖНО СМЕСТУВАЊЕ

Доколку станбениот објект е оштетен од некој од осигурените ризици, така што во него не може да се живее, осигурувачот е должен:

1. да му ги надомести на осигуреникот трошоците за изнајмување наместен станбен објект сé додека осигурениот имот не се оспособи за нормално живеење според цените на изнајмување во околината на местото на осигурување, но најмногу до сумата на осигурување, искажано во полисата за ова покритие. Изнајмениот станбен објект треба да биде со слична големина на оштетениот објект.
2. доколку осигуреникот реши трајно да се исели од местото на осигурување, да ги надомести трошоците за преселба на имотот на осигуреникот и тоа најмногу до сумата на осигурување искажана во полисата за ова покритие.

## ОСИГУРАНИ РИЗИЦИ

### 1. ПОЖАР
Под пожар се смета оган појавен надвор од определено огниште, или оган што го напуштил ова место, и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.
Штетите настанати без развивање пламен (чад, прегрејување, осмаденост и слично), не се предмет на осигурувањето.

### 2. ГРОМ
Пренесување електрична енергија преку водови како последица од удар на гром.

### 3. ЕКСПЛОЗИЈА
Под експлозија се смета ненадејно појавување сила заснована на тежнеење на пареа или гасови за проширување.
Штетите настанати од експлозија, намерна или не, настанати како последица од било какво експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција) не се предмет на осигурувањето.

### 4. ЛУЊА И ГРАД
Под луња се смета ветер со брзина поголема од 62 км. на час.
Се смета дека дека дувал ветер со оваа брзина доколку ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро одржувани објекти.
Во случај на сомневање, осигуреникот треба да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Управата за Хидрометролошки работи на Република Македонија.
Овој ризик не ги вклучува штетите на имотот што се наоѓа внатре во градежниот објект, а кои се настанати од дожд, снег, песок или прашина, освен ако директната силина на ветерот или градот претходно не направил отвори на градежниот објект и потоа дождот, снегот, песокот или прашината навлегле низ тие отвори.
Овој ризик не ги вклучува и штетите настанати на имот што не се наоѓа во затворени градежни објекти.
Со осигурувањето од ризикот град опфатени се штети од уништување, односно оштетување на осигурениот имот што се предизвикани од удар на град.

### 5. МАНИФЕСТАЦИИ И ДЕМОНСТРАЦИИ
Се смета дека настанал осигурен случај ако осигурениот имот е уништен (рушење, демолирање, палење и др) на кој било начин на дејствување на учесниците во граѓански безредија, синдикални и политички собирања.

### 6. ЛЕТАЛА
Со осигурувањето се покриени штети настанати при паѓање на леталата,или делови од нив, на осигурениот имот.
Осигурувањето ги покрива и штетите настанати од предмети испаднати од леталата.

### 7. ВОЗИЛА
Овој ризик не ги покрива штетите настанати од возилата што се управувани од осигуреникот, или од лица што живеат во неговото домаќинство.

### 8. ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО
Не се смета дека настанал ризикот провална кражба во случај:
1. на снемување или исчезнување на осигураниот имот.
2. на извршување на провалната кражба или соучество во неа од осигуреникот или од страна на лице кое живее со осигуреникот во исто домаќинство.
3. ако е извршена со влегување преку отворен прозор или балконска врата што се наоѓаат на висина **помала од 3 метра**, сметано од земјата до долниот раб на прозорецот или балконот.
4. на имот што се наоѓа надвор од затворените градежни објекти, освен од разбојништво.

Под разбојништво се смета одземање осигуран имот со примена на сила или застрашување по живот или здравје на осигуреникот, како и животот или здравјето на лицето кое живее во исто домаќинство со осигуреникот.

**9. ТЕЖИНА НА МРАЗ ИЛИ СНЕГ**

Овој ризик не ги вклучува и штетите настанати на имотот на осигуреникот што не се наоѓаат во затворени градежни објекти, освен ако се настанати на дрва.

**10. ИЗЛЕВАЊЕ ВОДА ОД ИНСТАЛАЦИИ ВО СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ**

Под овој ризик се смета неочекувано излевање вода од инсталации поради прскање и кршење на инсталациите и нивните уреди.

Со овој ризик не се покриени штети настанати:

1. на инсталации од кои што водата се излеала.
2. од излевање вода од отворени славини.
3. од габички поради влага.
4. од слегнување на земјиште како последица на излевање вода од инсталациите во станбените објекти.
5. од оштетување при манипулација врз инсталациите, замена на вентил, одзатнување и слично.
6. поради мраз, освен ако се преземени мерки за заштита од мраз:
    - 6.1 затоплување на станбениот објект и
    - 6.2 затворање на доводот на водата и нејзино испуштање од системот.

**11. ШТЕТИ НАСТАНАТИ НА ИНСТАЛАЦИИТЕ НА СТАНБЕН ОБЈЕКТ**

Со овој ризик не се покриени штети настанати од:

1. непосредни последици од трајни хемиски, биолошки, термички, механички и атмосферски влијанија и услови за работа (стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и други слични влијанија).
2. ставање во употреба пред конечна поправка.
3. монтирање и пробно испитување нови инсталации.
4. повреда на технички и други прописи и упатства за работа.
5. нередовно одржување.
6. демонтирање и монтирање при редовно одржување.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ

Со плаќање дополнителна премија за секој ризик поединечно, со осигурувањето можат да бидат покриени и следниве ризици:

**1. ПОПЛАВА, ПОРОИ И ВИСОКИ ВОДИ**

Под овој ризик се смета стихијно и неочекувано плавење на теренот од постојани води (реки и езера), како и од водена маса која се образува на надолни терени поради силни атмосферски врнежи.

Со осигурувањето се покриени само штети што се предизвикани за времетраење на поплавата или непосредно по повлекувањето на водата.

Со осигурувањето не се покриени штети настанати од:

1) габички поради влага.
2) излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница (атмосферска канализација).
3) поплавување со вода надојдена од септички јами.

**2. СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**

Под овој ризик се смета природна појава на ненадејно вертикално движење на земјиштето на кое е изграден објектот.

Со осигурувањето не се покриени:

1. трошоци за пополнување слегнато земијште.
2. штети настанати поради грешка во пресметка или дизајн.
3. штети настанати од слегнување на земјиште поради дупки направени од човек.
4. штети настанати од земјотрес.
5. штети настанати од поплава, порој и високи води.

**3. СНЕЖНА ЛАВИНА**

Под снежна лавина се смета снежна маса во движење што се откинала од планинските страни.

Со осигурувањето се покриени штети настанати од дејство на воздушниот притисок на снежната лавина

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ИМОТ

1. Вредноста на осигурениот имот за станбени објекти од масивна градежна категорија е еднаква со градежната цена на нов станбен објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот.
2. Вредноста на осигурениот имот за сите останати објекти и други градежни објекти е еднаква со градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот, намален за износот на амортизација.
3. Вредноста на осигурениот имот за подвижен имот е еднаква со цената на ист таков имот, намален за износот на пресметаната амортизација.

Сумата на осигурување за сите предмети на осигурување ја одредуваат заедно осигуреникот и осигурувачот и таа неможе да биде помала од вредноста на осигурениот имот.
Во случај да не може да се обезбеди доказ за пресметаната амортизација на имотот, односно осигуреникиот нема доказ за староста на подвижниот имот, ќе се смета дека вредноста на осигурениот имот е најмногу до 50% од цената на ист таков нов имот.

## НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

Кога ќе настане осигуран случај, осигурувачот е должен да го надомести:
1. Кај станбени објекти од масивна категорија најмал износ од следниве:
    1.1. вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот осигуран имот, доколку повторната иградба, поправка или замена на оштетениот имот осигуреникот не ја започне во рок од 6 месеци сметано од денот на настанување на штетата и не ја заврши во разумен рок. Во тој случај осигурувачот е должен да го надомести вистинскиот износ за повторна изградба, поправка или замена на оштетениот имот намален за пресметаната амортизација.
    1.2.сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот.
    1.3.вредноста на осигурениот имот.
2. Кај сите останати станбени и други градежни објекти најмалиот износ од следниве:
    2.1. за тотални штети -вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништениот осигуран предмет, намален за износот на пресметаната амортизација. за делумни штети -вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот осигуран имот. Доколку повторната изградба, поправка или замена на оштетениот имот осигуреникот не ја започне во рок од 6 месеци, сметано од денот на настанување на штетата и не ја заврши во разумен рок , во тој случај осигурувачот е должен да го надомести вистинскиот износ за повторна изградба, поправка или замена на оштетениот имот намален за пресметаната амортизација.
    2.2. сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот.
    2.3. вредноста на осигурениот имот.
3. Кај подвижниот имот најмалиот од следниве износи:
    3.1.за тотални штети-вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништениот осигурен имот, намален за износот на пресметаната амортизација. за делумни штети-вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот осигурен имот. доколку повторната изградба, поправка или замената на оштетениот имот осигуреникот не ја започне во рок од 6 месеци, сметано од денот на настанување на штетата и не ја заврши во разумен рок, во тој случај осигурувачот е должен да го надомести вистинскиот износ за повторна изградба, поправка или замена на оштетениот имот намалена за пресметаната амортизација.
    3.2. сумата на осигурување на оштетениот осигуран имот.
    3.3. вредноста на осигурениот имот.

Сумата на осигурување за сите предмети на осигурување ја одредува осигуреникот.

## ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Кога ќе се утврди дека во периодот на осигурување вредноста на осигурениот имот била поголема од сумата на осигурување, износот на надоместот на штета се намалува сразмерно на односот на сумата на осигурување со вредноста на осигурениот имот.

## ПОПУСТИ

Во случај кога осигуреникот нема наплатено ниту една штета во текот на осигурителната година, за следниот период на осигурување добива **попуст од 5%.**

Овој попуст може да се повтори и во наредните години, така што износот на попустот се зголемува **за 5% за секоја година** во која не е наплатена штета, но **најмногу до 25%.**
Во случај осигуреникот да наплати штета во текот на осигурителната година, го губи целиот попуст во наредната осигурителна година.

## ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ КОН ТРЕТИ ЛИЦА

( Се однесува на сите три полиси ) - мин осигурана сума **3.000 Евра** , Сумата на осигурување воедно претставува и Агрегатен износ .

Со ова осигурување е покриена законската одговорност на осигуреникот, одговорноста на лицата кои живеат во исто домаќинство со осигуреникот, како и на лицата што се вработени во домаќинството на осигуреникот заради обавување на домашни работи во тоа домаќинство, за штети настанати од :
1. поседување на станбениот објект и останатите градежни објекти на местото на осигурување и подвижниот имот во нив.
2. закупување осигурен станбен објект со задолжително осигурување на подвижниот имот.
3. домашните животни кои не се користат во земјоделство или за која било друга економска
корист, а чиј сопственик е осигуреникот или други лица покриени со осигурувањето.

Со ова осигурување не се покриени штети:

1. настанати од поседување, користење, одржување, полнење или празнење какво било моторно возило или самоодна машина од страна на осигуреникот или од другите лица покриени со осигурувањето.
2. настанати од поседување, користење, одржување, полнење или празнење каков било пловен објект со мотор од страна на осигуреникот или од другите лица покриени со осигурувањето.
3. кои се очекувани или за кои осигуреникот имал намера да ги оствари.
4. настанати во врска со какви било деловни односи на осигуреникот или врски и на другите лица за кои важи осигурувањето.
5. настанати од издавање во целост или делумно на осигурен градежен објект.
6. настанати надвор од местото на осигурување.
7. настанати од пренесување какви било заразни болести од страна на осигуреникот или од другите лица покриени со осигурувањето.
8. настанати од какви било физички или психички малтретирања предизвикани од страна на осигуреникот или од другите лица покриени со осигурувањето.
9. настанати од припадност на осигуреникот или припадност на други лица покриени со осигурувањето на каква било организација, здружение, асоцијација или политичка партија.
10. настанати од каков било договор или спогодба склучен од страна на осигуреникот, или договор или спогодба на лицата кои се покриени со осигурувањето со трето лице.
11. на имотот (осигурен или не) чиј сопственик е осигуреникот или други лица покриени со осигурувањето.
12. на изведувачите на работите во случај на реновирање, реконструкција или доградба на градежните објекти.
13. настанати поради трајно дејство на хемиски, биолошки, атмосферски, механички и термички влијанија.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПО НАСТАНУВАЊЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**

При настанување осигурен случај, покрај обврските содржани во општите услови, осигуреникот е должен:

1. да го извести осигурувачот и тогаш кога барањето за надомест за штета против него ќе биде истакнато преку суд, ќе биде ставен во притвор, како и тогаш кога ќе биде поведена постапка за обезбедување докази.
2. ако е поведена истрага, подигнат обвинителен акт, или е донесена пресуда во кривична постапка, веднаш да го извести осигурувачот, па и тогаш кога веќе е пријавено настанувањето на осигураниот случај. Исто така е должен да го достави наодот од надлежниот орган во врска со настанатиот штетен настан .
3. осигуреникот не е овластен без претходна согласност на осигурувачот да се изјасни за барањето на надомест за штета, а особено да го признае потполно или делумно, за барањето штетата да се израмни, како и ниту да изврши исплата, освен ако спрема фактичката состојба не бил во можност да го одбие признанието, порамнувањето односно исплатата, а со тоа да не се направи очевидна неправда.
4. ако оштетениот поднесе тужба за надомест за штета против осигуреникот или се
5. обрати со отштетно барање директно до осигурувачот, осигуреникот е должен да ја достави целата документација што ја поседува во врска со штетниот настан. Судскиот спор го презема осигурувачот.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

При настанување осигурен случај, осигурувачот:

1. е должен да ја испита одговорноста на осигуреникот за настанатата штета.
2. е должен да го води спорот во име на осигуреникот, ако оштетениот остварува право на надомест за штета во процесна постапка.
3. е должен во име на осигуреникот да даде изјави кои што ги смета за потребни при одбрана од неосновано или претерано барање за надомест за штета.
4. е овластен да го препушти водењето на спорот на осигуреникот, а во тој случај осигуреникот е должен да се придржува до упатствата на осигурувачот и налози во поглед на водењето постапка во парница.
5. може да го преземе водењето на процесот или да стапи на место на осигуреникот или да учествува во својство на вмешувач.
6. е овластен да го одбие водењето или да го препушти водењето на спорот на осигуреникот, доколку оцени дека нема место за давање правна заштита, со оглед на односот помеѓу висината на штетата и сумата на осигурување.
7. во случај осигурувачот да ја исплати сумата на осигурување како надомест за штета пред покренување на судскиот спор, престанува неговата обврска за правна заштита.
8. е овластен на име на надомест кој би го должел осигуреникот, да ја положи сумата на осигурување, во кој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.
9. ако оштетеното лице своето барање или тужбата за надомест за штета го упати само спрема осигурувачот, осигурувачот ќе го извести осигуреникот за тоа и ќе го повика за да ги даде сите потребни податоци.

Во случај осигурувачот одлучи да му се исплати надомест на оштетениот во целост или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО ОД ОДГОВОРНОСТ**

1. Осигурувачот го исплатува надоместот од осигурувањето врз основа на:
   - 1.1. признанието што го дал или одобрил осигурувачот.
   - 1.2. порамнувањето што го заклучил или одобрил осигурувачот.
   - 1.3. судска одлука.
2. Осигуреникот во секој осигурен случај учествува со 100 Евра (франшиза) во денарска противвредност, освен ако не е поинаку договорено.
3. Осигурувачот учествува во депонирањето на сумата на осигурување заради обезбедување надомест на штета за која осигуреникот би бил должен врз основа на законски прописи или судските одлуки да ја исплати и тоа најмногу до износот на висината на неговата обврска за надомест на штета.
4. Ако осигурувачот неосновано се спротивстави на предлогот на осигуреникот за спогодување по барањето за надомест на штета, должен е да го плати надоместот, каматите и трошоците коишто при тоа настанале и тогаш кога ја надминуваат сумата на осигурување.
5. Ако осигуреникот се спротивстави на предлогот на осигурувачот за спогодување по барањето за надомест на штета, осигурувачот не е должен да го плати надоместот, каматите и трошоците коишто при тоа настанале.
6. Осигурувачот е должен да ги надомести сите трошоци на процесната постапка, доколку осигуреникот сам го водел спорот по добиена согласност за водење на спорот од осигурувачот, па и тогаш кога барањето за надомест за штета не било основано.
7. Осигурувачот ги сноси трошоците на бранителот во кривичната постапка покрената против осигуреникот поради настан кој би можел да има како последица поставување барање за надомест за штета по основ на одговорност покриена со ова осигурување и тоа само ако осигурувачот е запознаен со изборот на бранителот и прифатил да ги сноси трошоците.Трошоците на кривичната постапка, како и трошоците на застапување на оштетениот, осигурувачот не ги надоместува.
8. Кога осигурувачот ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата на осигурување, ослободен е од натамошни давања на име на надомест и трошоци за еден осигурен случај.
9. Кога осигурувачот ќе ја изврши својата обврска со исплата на годишниот агрегат (лимит) на сумата на осигурување, ослободен е од понатамошни давања на име на надомест и трошоци за сите осигурани случаи кои се јавуваат во текот на оваа полиса.

**ПАКЕТ МОЈ ДОМ 50/50**

ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

За овој пакет на осигурување важат истите одредби од овие услови што се наведени за ХАЛК Протект и ХАЛК Премиум пакетот, освен за оние параметри и лимити што се наведени во табелите подолу за овој пакет на осигурување .

| Општи параметри |
|---|
| Се осигуруваат само објекти од масивна градежна категорија |
| Задолжителна франшиза во основни ризици - 100 Евра |
| Максимално покритие по ризик Земјотрес, како Агрегатен износ по полиса од 70.000 Евра |

| Ризици и Лимити | | |
|---|---|---|
| Основни Ризици | Медиум (Протект) | Макси (Премиум) |
| | до 10.000 Евра | до 20.000 Евра |
| Вкупна ОПРЕМА ( непопишана опрема) | мин 30%-70% | мин 30%-90% |
| Уметнички предмети и слики, поединечно | до 500 Евра | до 1000 Евра |
| Електронска опрема, тв, аудио | до 700 Евра | до 900 Евра |
| за трошоци за заеднички простори ( стан во зграда) | до 300 Евра | до 500 Евра |
| Трошоци за копање и замена на цевка | / | до 100 Евра |
| Нужно сместување | до 1200 Евра | до 2000 Евра |
| Трошоци за расчистување | 3% од С.О. | 5% од С.О. |
| Трошоци за намалување на штета | 3% од С.О. | 5% од С.О. |
| Ризик КРАЖБА | мах 4.000 Евра | мах 8.000 Евра |
| Пари и други скапоцености во заклучени сефови | до 300 Евра | до 500 Евра |
| Незаклучени сефови | / | до 100 Евра |
| Штети при кражба на градежен објект | до 3% од С.О. на објект | до 3% од С.О. на објект |
| Променана брава, изгубени клучеви при штетен настан | до 100 Евра | до 200 Евра |
| Оружје со уредна довола | до 300 Евра | до 500 Евра |
| Надомест на штета од Кредитни картички | / | до 100 Евра |
| | | |

## ПАКЕТ - МОЈОТ ИМОТ со ХАЛКБАНКА

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

За овој пакет на осигурување важат истите одредби и обем на покритие од овие услови што се наведени за опфатените ризици за ХАЛК Протект и ХАЛК Премиум пакетот, освен за оние параметри и лимити што се наведени во табелите подолу за овој пакет на осигурување .

| ОПФАТЕНИ ОСНОВНИ ризици |
|---|
| – Пожар, удар на гром<br>– експлозија<br>– луња и град<br>– манифестации и демонстрации<br>– паѓање на воздушни летала<br>– излевање вода од инсталации во станбени објекти<br>– удар од сопствено моторно возило |
| Трошоци за нужно сместување само при тотална штета max **3%** од сумата на осигурување на објектот |

| Лимити по Дополнителни ризици | |
|---|---|
| Вид на ризик | Лимит ( Еур) |
| 1. Провална кражба и разбојништво | 4.000 |
| 2. Одговорност кон трети лица (мах сума на осигурување 3.000 Евра ) | 3.000 |
| 3. Стакло од кршење ( мах сума на осигурување до 2.000 Евра) | 2.000 |
| Вредноста за прв ризик не може да биде **пониска од 20 %** од вкупната сума на осигурување . | |
| Максимално покритие по ризик Земјотрес, како **Агрегатен износ** по полиса од **100.000 Евра** | |

| Ризици и Лимити - ПАКЕТ - МОЈОТ ИМОТ со ХАЛКБАНКА | |
|---|---|
| Основни Ризици | Лимити |
| Вкупна ОПРЕМА ( непопишана опрема) | мин 30%-70% |
| Уметнички предмети и слики, поединечно | до 300 Евра |
| Електронска опрема, тв, аудио | до 500 Евра |
| за трошоци за заеднички простори ( стан во зграда) | до 300 Евра |
| Трошоци за копање и замена на цевка | / |
| Нужно сместување | 3% ( мах до 1000 Евра) |
| Трошоци за расчистување | 3% од С.О. |
| Трошоци за намалување на штета | 3% од С.О. |
| Ризик КРАЖБА | мах 4.000 Евра |
| Пари и други скапоцености во заклучени сефови | до 200 Евра |
| Незаклучени сефови | / |
| Штети при кражба на градежен објект | До 200 Евра |
| Променана брава, изгубени клучеви при штетен настан | до 100 Евра |
| Оружје со уредна довола | до 300 Евра |
| Надомест на штета од Кредитни картички | / |

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТ**
Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови ќе се применуваат одредбите од Општите Услови за осигурување имоти.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**

Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување , застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Северна Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.
**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавање.
**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 18.03.2019 година со Одлука бр.0203-04/03 и ќе се применуваат од 01.04.2019 година.